# факти

# Насилство кај младите

Насилството од страна на младите луѓе е една од највидливите форми на насилство. Фаталните и нефаталните напади во кои се вклучени млади луѓе, во голема мера придонесуваат кон глобалната бројка на предвремени умирања, повреди и инвалидитет. Насилство кај младите длабоко ги повредува не само жртвите, туку и нивните семејства, пријатели и заедници.

Постојат тесни врски меѓу младешкото и другите форми на насилство. Насилните млади луѓе честопати вршат бројни кривични дела и покажуваат други социјални и психолошки проблеми.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

Се проценува дека во 2000 г., во светот се случиле 199 000 убиства на млади луѓе - еквивалентно на смрт на 565 деца и млади на возраст од 10 до 29 години, во просек секој ден, како резултат на интерперсонално насилство. Но, стапките на убиства на младите луѓе значително варираат во зависност од регионот или од државата, а стапките за жените се речиси секаде многу пониски од стапките за мажите.

Во деценијата 1985-1994 г., стапките на убиства на млади луѓе се зголемија во многу делови од светот. Овој пораст, во многу случаи се поврзува со почестата употреба на пиштолите како метод на напад.

Се проценува дека на секое загинато младо лице во насилство, 20-40 лица здобиваат повреди за кои е потребна болничка нега.

Нефаталните насилни повреди вклучуваат значително помалку напади со огнено оружје од фаталните напади, и кај нив повеќе се употребуваат тупаниците, нозете, ножевите и палките.

Студиите покажуваат дека алкохолизираната состојба е важен непосреден фактор кој може да го забрза насилството.

Употребата на физичка сила и заплашувањето се, исто така, вообичаени меѓу младите луѓе. Една студија на училишни деца во 27 земји открило дека мнозинството од 13-годишниците учествувале во заплашување барем некогаш, во повеќето од испитаните земји.

## КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ РИЗИК-ФАКТОРИ ЗА МЛАДЕШКО НАСИЛСТВО?

### Индивидуални фактори

Карактеристики на личноста и начините на однесување поврзани со насилството меѓу младите се:

- хиперактивност,
- импулсивност,
- слаба контрола врз однесувањето,
- проблеми со вниманието,
- историја на рано агресивно однесување,
- слаби образовни постигнувања.

### Влијанија од семејството и врсниците

Атмосферата во домот е клуч за развојот на насилно однесување кај младите. Некои од главните семејни фактори поврзани со адолесцентно насилство се:

- лош надзор на децата од страна на родителите и тешки физички казни за нивно дисциплинирање,
- конфликт меѓу родителите во раното детство,
- низок степен на приврзаност меѓу родителите и децата,
- мајка која го добила првото дете на млада возраст,
- доживување раздвојување или развод на родителите на млада возраст,
- ниско ниво на семејна кохезија,
- низок социо-економски статус на семејството.

Дружењето со деликвентни врсници, исто така, се поврзува со насилството кај младите лица.

### Социјални, политички и културолошки фактори

- Бандите и локалната понуда на оружје и droги се моќна комбинација што ја зголемува веројатноста од младешко насилство.
- Нискиот степен на социјална кохезија во заедницата се поврзува со повисоки стапки на младешко насилство.
- Квалитетот на владеењето со државата, нејзините закони и степенот до кој тие се спроведуваат, како и политиката на социјална заштита имаат важен ефект врз насилството.
- Факторите како нееднаквост во приходите, брзите демографски промени кај младата популација и урбанизацијата, влијаат стимулативно на појавата на насилство кај младите.

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

– Културите кои не даваат ненасилни алтернативи за разрешување на конфликтите изгледа дека имаат повисоки стапки на насилство кај младите.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ МЛАДЕШКОТО НАСИЛСТВО?

Испробани се разни методи за намалување на насилното однесување кај младите. Највообичаените интервенции бараат да се променат вештините, ставовите и верувањата на поединецот. Ваквите програми честопати се спроведуваат во училиштата и се изготвени да им помогнат на децата и на адолесцентите да управуваат со гневот, да разрешуваат конфликти и да ги развијат неопходните социјални вештини за решавање проблеми.

Друга вообичаена група превентивни стратегии што го третираат младешкото насилство се концентрира на рано интервенирање кај децата и семејствата. Таквите програми на родителите им обезбедуваат информации за развојот на детето и ги подучуваат како ефективно да ги дисциплинираат, следат и надгледуваат децата, како и тоа како да управуваат со семејните конфликти и да ја подобрат комуникацијата. Интервенциите кај родителите и децата спаѓаат меѓу највeтувачките стратегии за произведување долгорочно намалување на насилството кај младите.

Други пристапи се фокусираат на заедниците и на некои од поистакнатите општествени фактори поврзани со насилството кај младите. Тие се движат од кампањи за информирање на јавноста и развивање политика на заедницата до подобрување на средините какви што се училиштата и болниците. Тука се вклучени и законодавните, судските и образовните реформи, како и други реформи во политиката, замислени да ги олеснат ефектите од брзите општествени промени и да го адресираат вооруженото насилство меѓу младите. Но, повеќето од овие пристапи не се вреднувани.

## ПРИМЕРИ НА СТРАТЕГИИ ЗА ПРЕВЕНИРАЊЕ МЛАДЕШКО НАСИЛСТВО

### Поединци

- Предучилишни програми за збогатување на содржините[а]
- Програми за социјален развој (особено оние што ги нагласуваат социјалните вештини и компетентноста)[а]
- Програми за превенција на заплашување[а]
- Советување[б]
- Професионална ориентација
- Стимуланси за млади со висок ризик за насилство да завршат средно образование[а]

### Односи

- Посети на домот (заедно со редовни посети од медицинска сестра или друг здравствен работник на семејства со специјална потреба од поддршка и насочување во одгледувањето на децата и нивната нега)
- Обука по родителство[а]
- Семејна терапија[а]
- Менторски програми[а]
- Медијација со врсници/ советување на врсници[б]

### Заедница

- Подобрување на училишната средина, вклучувајќи и наставни практики, училишна политика и обезбедување
- Дополнителни наставни програми
- Активности надвор од наставната програма
- Формирање политика на заедницата
- Програми за превенција на банди[б]
- Модификации на физичката средина
- Подобрување на реагирањето во итни случаи, травматската нега и пристапот кон здравствените услуги
- Обука за здравствените работници да ги откриваат и да ги упатуваат младите со висок ризик за насилство
- Намалување на расположливоста на алкохолот

### Општествени

- Кампањи за информирање на јавноста
- Напори да се намали насилството во медиумите
- Зајакнување и подобрување на полициските и судските ситеми
- Реформирање на образовните системи
- Промена во политиката за намалување на сиромаштијата и нееднаквоста
- Активности и политики за ублажување на ефектите од брзи социјални промени и за справување со вооруженото насилство меѓу младите

[а] Се покажале како ефективни во намалувањето на младешкото насилство или ризик-факторите за младешко насилство
[б] Се покажале како неефективни во намалувањето на младешкото насилство или ризик-факторите за младешко насилство